


# КАРПОШ
## неделен Е - БИЛТЕН




**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**
**ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ**
**26 ное - 12 дек 2024 Билтен бр. 579**

# ИНСПЕКЦИСКИ СЛУЖБИ ОД ОПШТИНА КАРПОШ ВО РАБОТНА ПОСЕТА НА ШТИП НА СЕДНИЦА НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА КОМУНАЛНИ ИНСПЕКТОРИ НА

**На 22.11.2024 год.во Хотел Изгрев претставници од инспекциските служби на Општина Карпош присуствуваа на 6-та седница на Извршниот и Надзорниот одбор на Здружението на комунални инспектори на Република Северна Македонија.**
**На средбата земаа учество над 60 членови од комуналните инспекциски служби од земјата.**

**Беше усвоена Предлог-одлуката за усвојување на записникот од претходната седница, присутните беа информирани за соработката со невладини институции со цел унапредување на соработката и размена на искуства и подобрување на законските регулативи од повеќе аспекти.**
**Здружението иницираше соработка и со општините кои би сакале да дадат свој придонес во зацврстување на Здружението преку потпишување на меморандум за соработка.**
**Се дискутираше за теми кои ги засегаат комуналните инспектори а државниот пазарен инспектор Анка Митева Долдурова преку сопствена презентација појасни повеќе прашања од Законот за претставки и предлози.**
**Претседателот на Здружението Борче Везенков преку своето воведно излагање нагласи за активност на членовите и идеи кои би придонеле за нови предлози и разјаснување на веќе постоечките закони по кои комуналните инспектори работат.**
**Општина Карпош и натаму ќе продолжи да биде дел од сите активности што Здружението ги организира и да даде свој придонес.**



# ЧЕТВРТООДДЕЛЕНЦИТЕ ОД „ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ“ ВО ПОСЕТА НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

**Како дел од практичната настава која е предвидена во рамки на предметот Историја и Општество, четвртоодделенците од ООУ „Војдан Чернодрински“ денеска беа во посета кај градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски.**

**Младите карпошани беа најзаинтересирани за обврските и надлежностите на градоначалникот, каква е структурата на локалната самоуправа, одржување на здравата животна средина, како и за своите обврски како најмлади жители на Карпош.**

**Љубопитните ученици побараа одговор од првиот човек на општината зошто нема луна парк, на што тој се согласи дека тоа не е добро и дека последните три градоначалници на Град Скопје, во чија надлежност е Луна паркот, потфрлиле во исполнување на ветувањето дека ќе изградат нов и модерен парк во кој ќе се забавуваат не само младите скопјани туку и посетителите од регионот.**

**Основците исто така се интересираа како можат да придонесат во подобрување на животот во општината, на што Јакимовски им порача дека за тие, како деца ќе помогнат доволно, ако го фрлаат ѓубрето во канти за отпадоци со што ќе помогнат при одржувањето на хигиената, да не ги уништуваат реквизитите на детските игралишта и да не ги чкртаат ѕидовите на зградите. Исто така, тие побараа од градоначалникот да постави вештачка трева на фудбалското игралиште во рамките на училиштето, на што Јакимовски им вети дека тоа ќе го направи во текот на следната година. Во непосредниот разговор, првиот човек на општината им напомена на основците дека тие треба да бидат фокусирани и постојано да стекнуваат нови знаења, да спортуваат и вредно да работат, а за возврат Општина Карпош дополнително ќе ги мотивира преку училишни стипендии, наменети за талентирани ученици и спортисти.**



# МАКЕДОНСКАТА СТРЕЛАЧКА ФЕДЕРАЦИЈА ЌЕ ФУНКЦИОНИРА ВО РАМКИ НА СПОРТСКАТА САЛА „ПАРТИЗАН“

**Во амфитеатарот на Универзитетот Скопје, советниците од Општина Карпош ја одржаа 57-мата седница каде расправаа и полноправно одлучуваа по 17 точки кои се најдоа на денешниот дневен ред. Со мнозинство гласови од советниците беше изгласана Одлуката со која Општина Карпош ќе и ги отстапи на Македонската Спортска Стрелачка Федерација (МССФ), дел од просториите во состав на спортската сала „Наум Наумовски Борче“ или популарниот „Партизан“, кој се наоѓа во населбата Карпош 4.**

**Станува збор за предметна недвижност која се наоѓа во подрумските простории на спортскиот објект, која се дава на времено користење за период од 10 години без никаков надоместок. Во овој случај МССФ се обврзува комплетно да го опреми подрумскиот простор за спортско стрелаштво, по потреба да инвестира во просторот, редовно да ги подмирува сите трошоци за одржување, како и да ги подмирува режиските трошоци кои произлегуваат од користењето на просторот.**

**Поточно, Стрелачката Федерација ќе го опреми просторот кој ќе биде наменет исклучиво за спортско стрелаштво со најнови и современи пултови, носачи на мети, електронски мети и заштитни табли, инсталација на две климатски единици за ладење и греење на просторот, како и монтажа на контролно броило за електрична енергија и водомерно броило за потребите на спортското стрелаштво. Оваа практика ќе се применува заради одвојување на сметките за електрична енергија и вода, опремување на просториите за складирање и чување на воздушното оружје, (мети и дијаболи со метални ормари), како и одржување и обезбедување на просторот во периодот за кој ќе биде задолжена Македонската Спортска Стрелачка Федерација. Со овој потег се отвора можност салата „Партизан“ да стане национален тренинг центар за државните репрезентативци, членови на клубови и сите рекреативци, односно за граѓаните на општина Карпош, како и сите спортски ентузијасти од нашата држава.**

**Советот даде поддршка за Предлог – Одлуката со која се одобруваат финансиски средства, како помош на заслужниот граѓанин на локалната самоуправа, Милорад Луковски. Во рамки на денешната седница беше изгласана Предлог – Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на односи со јавноста и информации на граѓаните за 2025 година. Вкупната предвидена финансиска рамка за оваа Програма изнесува 2.965.000 денари, а според истата се планира реализирање на повеќе развојни приоритетни цели и проектни активности, со кои се подобрува транспарентноста на Општината како и двонасочната комуникација со граѓаните. Со истата динамика беше изгласана и Предлог – Програмата за активностите на Општината во областа на месната самоуправа за 2025 година. Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма, ќе бидат поддржани парични средства во висина од 400.000 денари, кои се предвидени со Буџетот на Општина Карпош за 2025 година.**


УНИВЕРЗИТЕТ
СКОПЈЕ

# НИКОЛА РАДОЊАНИН ГО ОСВОИ ПРВОТО МЕСТО НА ДРЖАВНОТО ПРВЕНСТВО ВО ШАХ

**Ученикот од ООУ „Лазо Трповски“ Никола Радоњанин го освои првото место на Државното првенство за основни училишта во шах (во категорија за ученици од шесто до деветто одделение), кое се одржа на 28 ноември годинава во Ресен. Во оваа возрасна категорија годинава на првенството се натпреваруваа досега најголем број натпреварувачи, вкупно 60, а деветтоодделенецот го освои првото место без загубена партија.**
**Организатор на првенството е Федерацијата на училишен спорт на Македонија, а во рамки на првенството согласно пропозициите, основецот Никола беше предводен од својот наставник-ментор Стефан Симовски.**

**Инаку Никола Радоњанин годинава успешно учествуваше на неколку силни шаховски турнири, и тоа: во септември на Меѓународниот шаховски турнир „Езерска кралица“ во Охрид освои прво место во возрасната категорија 14 години; на Скопје Опен 2024 го освои второто место во возрасната категорија 14 години. Во март годинава на турнирот Карпош Опен, младиот Радоњанин е прогласен за најдобар шахист, жител на општина Карпош.**



# ЕСЕНСКО ЧИСТЕЊЕ НА ЛИСЈАТА ВО ОПШТИНА КАРПОШ

**Вработените лица од Општина Карпош кои се задолжени за одржување на јавната чистота, периодов континуирано работат на собирање на паднатите лисја и отпадот во деловите на општината кои се под надлежност на локалната самоуправа. За да се постигне поголем ефект, нивната работа ја организираат координаторите од Урбаните заедници, кои преку дефиниран план и програма ги менаџираат активностите кои потоа ги преземаат хигиеничарите од Општината.**

**Во рамки на оваа акција во изминативе два дена на теренот се приклучија и екипите од ЈП „Паркови и зеленило – Скопје“, кои ги чистеа лисјата и сметот на главните сообраќајници на територијата на локалната самоуправа. Поточно се чистеа површините на булеварите „Партизански одреди“, „Илинден“ и „Митрополит Теодосиј Гологанов“, а во наредниве денови ќе бидат исчистени и споредните улици кои ги поврзуваат овие главни сообраќајници како се под ингеренции на Градот Скопје. Во овој случај, ЈП „Паркови и Зеленило“ располагаат со пет возила и 10 работници кои интензивно работат на терен во расчистување на територијата на Карпош.**

**За таа намена, инспекциските служби на Општината секојдневно се во контакт и заедничка координација со претставниците од ЈП „Паркови и зеленило“ како и со општинските служби за одржување на хигиената, со цел заеднички да делуваат поефикасно во насока на одржување на здравата животна средина.**



# ОПШТИНАТА ДОДЕЛИ ПАРИЧНА ПОМОШ НА 203 ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

**Во организација на Одделението за детска, социјална и здравствена заштита од Општина Карпош, по повод одбележување на Меѓународниот Ден на лицата со попреченост (3. декември), денеска во својот кабинет градоначалникот Стевчо Јакимовски оствари средба со лицата од оваа социјална категорија. Во оваа пригода првиот човек на Општината, традиционално им додели еднократна парична помош на лицата со попреченост во висина од 5.000 денари.**

**На денешниот работен состанок присуствуваа и претставници од Македонското Монтесори здружение при што се поведе дебата, во чии рамки беа разгледани повеќе конструктивни предлози за подобрување на правата и статусот на лицата со пореченост. Во таа насока беше констатирано дека Општината води континуирана грижа за лицата со попреченост, преземајќи низа активности за подобрување на статусот и нивното интегрирање во заедницата.**

**Првенствено, низ годините преку тековната работа и ангажманот на вработените од Одделението за детска, социјална и здравствена заштита, со вршење на увиди во домовите на граѓаните, непосредната комуникација, соработката со урбаните и месните заедници и други институции, беше оформена база на податоци за лицата со попреченост која во тековнава 2024 година брои преку 200 лица. Оттука, повеќе од една деценија Општина Карпош посветува особено внимание за оваа ранлива група на граѓани, при што има донирано медицински помагала за нивна потреба. Локалната самоуправа покрај другото помага на овие лица со еднократна парична помош за бањско лекување, рехабилитација или набавка на соддветни лекови или помагала, како и со пакети со храна и хигиенски производи. За да го олесни нивното движење, локалната самоуправа има поставено пристапни рампи на повеќе локации низ општината, а отворени се и неколку инклузивни игралишта за дечињата со попреченост. Исто така, Општината поддржува разни манифестации, настани, работилници и други активности во соработка со различни институции и невладини организации, кои ги вклучуваат лицата со пореченост и го поттикнуваат процесот на инклузија.**



# ГОДИНАВА ОПШТИНА КАРПОШ СУБВЕНЦИОНИРАШЕ НАД 2.6 МИЛИОНИ ДЕНАРИ ЗА САНАЦИЈА НА ПОСТОЕЧКИ И ПОСТАВУВАЊЕ НА НОВИ ЛИФТОВИ

**Седумчлената стручна комисија од Општина Карпош задолжена за спроведување на постапката за доделување на финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки и поставување на нови лифтови, неодамна го достави извештајот за нивната досегашна работа, до градоначалникот Стевчо Јакимовски. Според финансискиот извештај за субвенции за лифтови, годинава Општина Карпош им исплатила вкупно 2.653.533 денари на деветте управители односно заедници на сопственици, кои ќе ги искористат овие средства за санација на лифтовите во своите станбени згради.**

**Во извештајот на Комисијата исто така стои дека во рамки на Јавниот повик за 2025 година, во постапка за исплаќање на субвенции за оваа намена се тројца потенцијални корисници. Оттука, локалната самоуправа ќе им исплати вкупно 1.325.500 денари за санација на два лифта, како и за поставување на еден нов лифт во колективните станбени објекти на територија на Карпош. Во случајов, овие предмети се префрлаат во општинскиот буџет за 2025 година, а потенцијалните корисници на субвенции мора да ја комплетираат документацијата до објавување на новиот Јавен повик за наредната година. Според досегашните пристигнати материјали, Комисијата констатирала дека вкупните предвидени финансиски средства за 2024 година во износ од 3.000.000 денари се целосно исцрпени.**

# МОЈОТ ДАНОК, ЗА МОЈАТА ОПШТИНА

**Плаќај данок- Осигурај ја својата иднина**

**Иднината на нашата општина, зависи од сите нас. За подобра општина, навремено подмирувајте ги вашите даночни обврски. Со вашата поддршка и навремено плакање, да останеме една од најуспешните и најдобрите општини како и до сега.**

